Уп. бр. 08-83

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Норстат АС со регистрирано седиште на адреса Фритјоф Нансенс плас 5 0160 Осло 0301 Осло, Норвешка, доставено преку Адвокат Елена Димова-Иваноска, од Скопје, на седницата одржана на ден 04.06.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Норстат АС со регистрирано седиште на адреса Фритјоф Нансенс плас 5 0160 Осло 0301 Осло, Норвешка, има намера да стекне индиректна единствена контрола над Друштво за трговија и услуги ДАТА СОЛУШОНС ГРУП ДОО Скопје со регистрирано седиште Ленинова бр. 21/18, Скопје-Центар, Република Северна Македонија, и Семпл Солушнс Б.В. со регистрирано седиште Халфронд 41, 3071PP Ротердам, Холандија**,** иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 05.05.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на Норстат АС со регистрирано седиште на адреса Фритјоф Нансенс плас 5 0160 Осло 0301 Осло, Норвешка, со која Норстат АС има намера да стекне индиректна единствена контрола над Друштво за трговија и услуги ДАТА СОЛУШОНС ГРУП ДОО Скопје со регистрирано седиште Ленинова бр. 21/18, Скопје-

Центар, Република Северна Македонија, и Семпл Солушнс Б.В. со регистрирано седиште Халфронд 41, 3071PP Ротердам, Холандија**,** по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Норстат,** е европски лидер во собирањето податоци за истражување на пазарот.

Друштвото е основано во Норвешка во 1997 година и го прошири своето географско присуство за да ги вклучи Данска, Шведска, Финска, Естонија, Латвија, Литванија, Полска, Германија, Обединетото Кралство и Ирска, Франција, Швајцарија, Холандија, Австрија и Италија.

Норстат АС обезбедува висококвалитетни податоци преку различни методи на собирање податоци, овозможувајќи им на клиентите да добијат сигурни податоци за посакуваните теми на истражување и целни групи.

Норстат АС ниту е присутно ниту генерира приход во Северна Македонија.

**Друштво за трговија и услуги ДАТА СОЛУШОНС ГРУП ДОО Скопје**, со главна дејност 63.11 - Обработка на податоци, хостирање и слични дејности и истото не нуди услуги и не генерира приходи во Северна Македонија.

**Семпл Солушнс Б.В.** е снабдувач на податоци и технологија фокусиран на услуги за глобално земање примероци и собирање податоци за истражување на пазарот.

Семпл Солушнс Б.В. им помага на организациите со спроведување анкети (на пр., телефон, онлајн, на адреса), збогатување на податоци и аналитика, овозможувајќи им на истражувачите и маркетерите прецизно и ефикасно да стигнат до својата целна публика.

Семпл Солушнс Б.В. не присутно, не нуди услуги и не генерира приходи во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 (б) од Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот

или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**